МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ на Закон
# за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција

Скопје,јануари 2011 година

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Надлежноста и организацијата на Државната техничка инспекција, начинот на вршење на техничката инспекција при користење на техничката опрема и условите кои треба да ги исполнуваат независните правни лица за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, како и начинот на пропишување на техничките прописи за техничка опрема се уредени со Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.88/2008и 119/2010).
Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор се создаде основа за унификација и поголема ефикасност во постапувањето на инспекциските служби.
Со предложените измени и дополнувања на Законот за техничката инспекција се врши усогласување на материјалниот закон со Законот за инспекциски надзор.
Предложените измени и дополнувања на овој закон се во насока на можност на поефикасно работење на техничката инспекција. Имајќи ја предвид сложеноста и тежината на неправилностите во случај на непочитување на обврските пропишани со Законот, се прошири листата на сторени неправилности за кои со оглед на тежината исклучиво е надлежен судот.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основните цели на предложениот закон е да се изврши усогласување на материјалниот закон со Законот за инспекциски надзор со што ќе се регулира работата и сите аспекти на постапувањето на инспекциските служби, што би довело до поголема ефикасност и унификација во постапувањето.
Законот чие донесување се предлага се засновува на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.
Основните решенија на предлог законот, содржат решенија кои се однесуваат на посебните услови за вршењето на должноста инспектор , обврските на инспекторот , надлежност на комисијата да решава по жалба против решенијата на инспекторот, , соработката со другите органи, како и санкции во случај на непочитување на обврските пропишани со предложениот закон.
Предложените измени на законот содржат решенија со кои се овозможува поефикасно работење на Државниот технички инспекторат и се се проширува листата на неправилности за кои е предвидена глоба.
.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените измени и дополнувања на овој Закон не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ
на Закон за изменување и дополнување на Законот за
техничката инспекција

Член 1

Во Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.88/08 и 119/10), по членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи :

" Член 3-а

Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор , доколку со овој закон не е поинаку уредено. "

Член 2

Во членот 10 став 1 зборовите "на предлог на министерот за економија" се бришат.

Член 3

Членот 13 се менува и гласи:

"Инспекторатот ги извршува работите согласно со годишната програма за работа.
Во случај на ризик по животот и здравјето на луѓето и во ситуации кои бараат итна интервенција на државните органи, Инспекторатот може да преземе инспекциски надзор надвор од годишната програма за работа .
Годишната програма за работа од ставот 1 на овој член ја донесува директорот и ја доставува до министерот за економија.
Директорот ја донесува Годишната програма за работа на Инспекторатот најдоцна до 31 декември во тековната година , а за наредната година подготвува и месечни планови за работа на Инспекторатот врз основа на кој се врши редовниот инспекциски надзор.
Директорот доставува годишен извештај до Владата на Република Македонија за работата на инспекторатот во предходната година, најдоцна до 31 март во тековната година.

Инспекторот подготвува квартален извештај за својата работа и истиот го објавува на веб страницата на Испекторатот.”

Член 4

Членот 18 се менува и гласи :

“При вршење на инспекцискиот надзор во согласност со закон инспекторот има обврски :
1) да постапува по иницијативи за поведување на инспекциска постапка и за тоа да го извести подносителот на иницијативата;
2) да го известува одговорното лице на субјектот на надзорот за почетокот на вршењето на инспекцискиот надзор;
3) да се легитимира пред субјектот на надзорот, односно пред одговорното или друго овластено лице на субјектот на надзорот;
4) да состави записник за извршениот инспекциски надзор;
5) да ја чува тајноста на класифицираните податоци;
6) да постапува законито, навремено и во согласност со Етичкиот кодекс на државните службеници и Етичкиот кодекс на инспекциската служба и
7) да го извести одговорното лице на субјектот на надзорот за законскиот основ за вршење на надзор.”

Член 5

По членот 18 се додава нова ГЛАВА 3-а и нов член 18-а кои гласат :
“ ГЛАВА 3-а. ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 18-а

Во случај од неопходност на отстранување на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, итност од отстранување на недостатоците при користење на техничката опрема од член 5 став 1 од овој закон, се врши инспекциски надзор од страна на Државниот технички инспекторат, Државен пазарен инспекторат, Државен инспекторат за животна средина и Државен трудов инспекторат.”

Член 6

Во членот 30 ставот 2 се менува и гласи :

„Кон барањето од ставот 1 на овој член корисникот е должен да достави извештај за извршениот преглед на техничката опрема од независно правно лице и други документи утврдени во техничките прописи за секоја одделна област.“

Член 7

По членот 31 се додава нов член 31-а кој гласи :

"Член 31-а

Корисниците на техничката опрема се должни во секое време да овозможат непречено вршење на инспекцискиот надзор од страна на државните технички инспектори со непосреден увид на техничката опрема и техничката документација."

Член 8

Членот 36 се менува и гласи :

„Инспекторот донесува решение за ставање вон употреба на техничката опрема доколку извештајот од техничкиот преглед и периодичните испитувања е негативен поради причини кои не можат да се отстранат како :

1) оштетување на техничката опрема чија поправка предизвикала значителна промена;
2) неповратна деградација на својствата на техничката опрема кои ја гарантираат нејзината безбедност;
3) промена на локацијата и условите на користење на техничката опрема и
4) промена на намената на техничката опрема.

Доколку корисникот има за цел да ја користи техничката опрема од ставот 1 на овој член, по изведените зафати врз неа, е должен да ја спроведе целата постапка за техничка инспекција при ставање во употреба. „

Член 9

По членот 36 се додава нов член 36-а, кој гласи :

"Член 36-а

„Против решението од член 36 став 1 на овој закон, може да се изјави жалба преку Државниот инспекторат за техничка инспекција, до Министерството за економија во рок од осум дена од денот на приемот на решението.
Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
По жалба против решението на инспекторот одлучува посебна комисија при Министерството составена од три члена кои ги именува министерот.
Комисијата од став 3 на овој член е составена од претседател и два члена, сите дипломирани правници со најмалку три години работно искуство во струката, кои не треба да бидат вклучени во вршењето на инспекцискиот надзор.
Претседателот на Комисијата е од редот на раководните државни службеници од Министерство за економија.
Комисијата од ставот 3 на овој член решението по жалба ќе го донесе во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата."

Член 10

Во член 37 по ставот 2 се додаваат три нови става 3 , 4 и 5 кои гласат :

" Кога инспекторот ќе утврди неправилности од поголем обем или неправилности со кои се загрозува животот и здравјето на луѓето или на животната средина и во други случаи определени со закон, инспекторот привремено ќе забрани вршење на дејност со запечатување на просториите, објектите, градилиштата, опремата, средствата за работа и други средства до отстранување на истите.
Во случаите од ставот 3 на овој член инспекторот ќе наложи на правните лица кои вршат јавни услуги (снабдување со вода, електрична енергија и слично) да прекинат со испораката, односно со давањето соодветни услови на корисникот неопходни за извршување на неговата дејност.
Корисникот е должен да постапи по наредбата на инспекторот. "

Член 11

По членот 37 се додава нов член 37-а кој гласи :

" Член 37-а

Ако инспекторот утврди дека се сторени следните неправилности :
1) секој тип на производ наменет за пуштање на пазар во Република Македонија, производителот не го пријави до Инспекторатот ( член 7 став 2) ;
2) секој корисник не спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема во согласност со соодветниот технички пропис за вршење на технички преглед и периодично испитување ( член 28);
3) по спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, корисникот до Инспекторатот не поднесе барање за ставање во употреба на техничката опрема веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот преглед на опремата ( член 30);
4) корисникот на техничката опрема во секое време не овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор од страна на државните технички инспектори со непосреден увид во техничката опрема и техничката документација ( член 30-а).
5) корисникот не ги реализира активностите според распоредот за вршење на техничкиот преглед и периодичните испитувања утврден во соодветниот технички пропис (член 31 став 2);
6) независното превно лице кое врши технички преглед и периодични испитувања на техничката опрема не изготви извештај во кој ќе биде содржана оцена на резултатите од спроведените прегледи и испитувања и истиот не го достави до корисникот најдоцна во рок од седум дена по завршување на активностите ( член 32 став 1);
7) во случај на разлики во однос на распоредот за вршење на технички прегледи и периодични испитувања меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи и периодичните испитувања, не го извести Инспекторатот ( член 34);
8) корисникот не ја исклучи од работа техничката опрема доколку извештајот од техничкиот преглед и периодичното испитување е негативен, а не ја исклучи од работа техничката опрема и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за тоа не го извести Инспекторатот ( член 35 став 1);
9) корисникот за продолжување на употреба на техничката опрема не ги отстрани причините за негативниот извештај, не направи вонреден технички преглед и периодични испитувања и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за резултатите не го извести Инспекторатот ( член 35 став 2);
10) корисникот не ја спроведе целата постапка за техничка инспекција при ставање во употреба а истиот има за цел да ја користи теничката опрема од став 1 на член 36 на овој закон , после изведените зафати врз неа ( член 36 став 2) и
11) корисникот не постапи по решението на инспекторот од член 36 став 1 и член 37 став 3 на овој закон.
ќе донесе решение со кое привремено ќе забрани вршење на дејност со запечатување на просториите, објектите, градилиштата, опремата, средствата за работа и други средства до отстранување на истите.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби при Министерство за економија.
Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување ."

Член 12

Членот 38 се менува и гласи :

"Глоба во износ од од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице , ако :

1) секој тип на производ наменет за пуштање на пазар во Република Македонија, не го пријави до Инспекторатот ( член 7 став 2) ;
2) не спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема во согласност со соодветниот технички пропис за вршење на технички преглед и периодично испитување ( член 28);
3) по спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, корисникот до Инспекторатот не поднесе барање за ставање во употреба на техничката опрема веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот преглед на опремата ( член 30);
4) корисникот на техничката опрема во секое време не овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор од страна на државните технички инсгпектори со непосреден увид во техничката опрема и техничката документација ( член 30-а);
5) не ги реализира активностите според распоредот за вршење на техничкиот преглед и периодичните испитувања утврден во соодветниот технички пропис(член 31 став 2);
6) независното превно лице кое врши технички преглед и периодични испитувања на техничката опрема не изготви извештај во кој ќе биде содржана оцена на резултатите од спроведените прегледи и испитувања и истиот не го достави до корисникот најдоцна во рок од седум дена по завршување на активностите ( член 32 став 1);
7) во рок од седум дена од денот на добивањето на извештајот за извршениот техничкиот преглед и периодичното испитување, а доставен од независното правно лице, ако е потребно во зависност од техничката опрема, корисникот не го достави до Инспекторатот ( член 33);
8) во случај на разлики во однос на распоредот за вршење на технички прегледи и периодични испитувања меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи и периодичните испитувања,корисникот не го извести Инспекторатот ( член 34);
9) корисникот не ја исклучи од работа техничката опрема доколку извештајот од техничкиот преглед и периодичното испитување е негативен, а не ја исклучи од работа техничката опрема и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за тоа не го извести Инспекторатот ( член 35 став 1);
10) корисникот за продолжување на употреба на техничката опрема не ги отстрани причините за негативниот извештај, не направи вонреден технички преглед и периодични испитувања и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за резултатите не го извести Инспекторатот ( член 35 став 2);
11) корисникот не ја спроведе целата постапка за техничка инспекција при ставање во употреба а истиот има за цел да ја користи техничката опрема од став 1 на член 36 на овој закон , после изведените зафати врз неа ( член 36 став 2) и
12) корисникот не постапи по решението на инспекторот од член 36 став 1 и член 37 став 3 на овој закон.

Глоба во износ од 800 до1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од став 1 на овој член .
Глоба во износ од 800 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за дејствијата од став 1 точки 1,2,3,4,5,8,9, 10, 11 и 12 на овој член .
За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност , во траење од една до три години, а на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на работи сврзани со располагање, користење, управување и ракување со техничката опрема во траење од една до три години.
За прекршоците утврдени во овој член државниот технички инспектор е должен да му предложи на сторителот на прекршок постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка до надлежен суд.

За прекршоците од ставот 1 на овој член е надлежен судот. “

Член 13

Одредбите од членовите 1, 3, 4, 5, 9, 10 и 11 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со отпочнување на примената на Законот за инспекциски надзор.

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Примарната цел на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција е да се изврши усогласување со Законот за инспекциски надзор со што ќе се надмине разноликоста и дисбалансот што постоеше при постапувањето и работата на инспекциските служби , што ќе резултира и со поголема ефикасност и унифицирање во постапувањето.

Измената и дополнувањето на Законот за техничката инспекција се наметнаа од практиките на Државниот инспекторат за техничка инспекција во однос на дополнување на Законот и тоа:

Со член 1 се прецизира дека при вршење на инспекцискиот надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор .

Со член 2 во член 10 од законот се прецизира начинот на избор и разрешување на директор.

Со член 3 се прецизира донесувањето на Годишната програма за работа да биде до 31 март во тековната година, а за наредната година , а годишниот извештај за работа на инспекторатот најдоцна до 31 март .

Се предвидува обврска на Инспекторатот да подготвува и квартален извештај за својата работа и истото да го објавува на веб страната на Инспекторатот.

Со членот 4 се прецизираат обврските на инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор .

Со член 5 се додава нова глава 3-а која се додав 1 член со кои се прецизираат случаите на заедничко вршење на инспекцискиот надзор.

Со член 6 во член 30 се менува став 2 така што се прецизира дека корисникот е должен да достави извештај за извршениот преглед на техничката опрема од независно правно лице.

Со член 7 се додава нов член 31-а со кој се прецизира дека корисниците на техничката опрема се должни во секое време да овозможат непречено вршење на инспекциски надзор од страна на државните технички инспектори со непосреден увид на техничката опрема.

Со член 8 се менува членот 36 се врши подобрување на текстот во смисла на прецизирање на донесувањето на решение за ставање вон употреба на техничката опрема.

Со член 9 се предвидува право на жалба против решението на инспекторот во рок од осум дена од приемот на решението. По жалбите против одлуките на инспекторот одлучува посебна комисија при министерството за економија составена од три члена кои ги именува министерот .

Со член 10 во член 37 по став 2 се додаваат три нови става 3 , 4 и 5 со кој доколку инспекторот утврди дека се сторени неправилности од поголем обем или со нив се загрозува животот и здравјето на луѓето или на животната средина , привремено ќе забрани вршење на дејност со запечатување на просториите, објектите, градилиштата,опремата, средствата за работа и други средства до отстранување на истите. Истовремено, ќе наложи на правните лица кои вршат јавни услуги(снабдување со вода, електрична енергија и слично) да прекинат со испораката, односно со давањето соодветни услови на корисникот .

Со член 11 се додава нов член 37-а со кој е предвидено дака за сторените неправилности се предлага донбесување на решение за привремена забрана за вршење на дејност како и запечатување на

просториите опремата,средствата за работа и други средства до отстранување на истите. Се предлага да се наложи и на на правните лица кои вршат јавни услуги(снабдување со вода, електрична енергија и слично) да прекинат со испораката, односно со давањето соодветни услови на корисникот .
Со член 12 се менува член 38 од Законот со што имајки ја предвид тежината и сложеноста на неправилностите кои може да доведат до загрозување на животот и здравјето на луѓето како и животната средина се задржа истиот износ на глобата за правното лице од 3.500 -5.000 евра во денарска противвредност, а за одговорното лице во правното лице и за физичкото лице глоба во износ од 800-1.500 евра во денарска противвредност, но се изврши проширување на листата на прекршоци и се предвиде прекршочна санкција забрана за вршење дејност од 1 -3 години за правното лице, а за одговорното лице во правното лице прекршочна санкција забрана за вршење на работи сврзани со располагање, користење, управување и ракување со техничката опрема во траење од 1 -3 години.
Со член 13 се вградува преодна одредба за одложена примена на членовите 1,3,4,5,9 и 10 кои ќе отпочнат да се применуваат со отпочнување на примената на Законот за инспекциски надзор.

II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со измените и дополнувањата на Законот за техничката инспекција се врши усогласување со Законот за инспекциски надзор и се обезбедува регулирање и допрецизирање на постапувањето на инспекциските служби со воспоставување на ефикасен систем за инспекциски надзор .

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон се постигнува регулирање и унифицирање на постапувањето на инспекциските служби со што се обезбедува нова ефикасна правна рамка во постапувањето ,поголема ефикасност.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 10

Со работите на Инспекторатот раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за економија.
За директор на Инспекторатот може да се назначи лице кое има високо образование од областа на машинството, електротехниката или друга соодветна област поврзана со надлежностите од членот 5 на овој закон и најмалку шест години работно искуство во областа.

Член 13

Инспекторатот ги извршува работите согласно со годишната програма за работа. Во случај на ризик по животот и здравјето на луѓето и во ситуации кои бараат итна интервенција на државните органи, Инспекторатот може да презема инспекциски надзор надвор од годишната програма за работа.
Годишната програма за работа од ставот 1 на овој член ја донесува директорот и ја доставува до министерот за економија.
Директорот подготвува годишен извештај за работата на Инспекторатот за претходната година и го поднесува преку министерството до Владата на Република Македонија на усвојување, најдоцна до крајот на јануари во тековната година и го објавува на својата веб страница

Член 18

Правните и физичките лица можат да поднесат пријави до Инспекторатот во врска со инспекцискиот надзор извршен од страна на државните инспектори.

Член 30

По спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис за предметната опрема, корисникот до Инспекторатот поднесува барање за ставање во употреба на техничката опрема веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот преглед на опремата.

Кон барањето од ставот 1 на овој член корисникот е должен да ја достави особено и следнава документација: извештај од извршениот преглед на техничката опрема од независно правно лице, изјава заверена од нотар дека има склучен договор со независно правно лице кое ќе врши технички прегледи и периодични испитувања, распоред за вршење на технички преглед и периодични испитувања и други документи утврдени во техничките прописи за секоја одделна област.

Врз основа на поднесеното барање, Инспекторатот врши проверка на приложената документација од ставот 2 на овој член за да ја утврди исполнетоста на условите за ставање во употреба на техничката опрема.

Во случаите кога е доставена документацијата од ставот 2 на овој член Инспекторатот по извршената проверка, донесува решение за ставање во употреба на техничката опрема на корисникот, во рок од седум дена од денот на поднесувањето на барањето.

Решението за ставање во употреба на техничката опрема од ставот 4 на овој член Инспекторатот го евидентира согласно со членот 7 став 3 на овој закон.

Член 36

Доколку извештајот од техничкиот преглед и периодичните испитувања е негативен поради причини кои не можат да се отстранат како :

1) оштетување на техничката опрема чија поправка предизвикала значителна промена;
2)неповратна деградација на својствата на техничката опрема кои ја гарантираат нејзината безбедност;
3) промена налокацијата и условите на користење на техничката опрема и
4) промена на намената на техничката опрема, инспекторот е должен да донесе решение со кое ќе нареди ставање вон употреба на техничката опрема за која донел решение за нејзина употреба.

Доколку корисникот има за цел да ја корсти техничката опрема од ставот 1 на овој член, после изведените зафати врз неа, е должен да ја спроведе целата постапка за техничка инсекција при ставање во употреба.

Член 37

Во случај на несреќи, хаварии или штети предизвикани од техничката опрема, корисникот е должен веднаш да го извести Инспекторатот.

Инспекторатот е должен во соработка со другите надлежни државни органи да учествува во утврдување на причините за настанатите несреќи, хаварии и штети од ставот 1 на овој член.

Член 38

Глоба во износ од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако :

1) секој тип на производ наменет за пуштање на пазар во Република Македонија, не го пријави до Инспекторатот ( член 7 став 2) ;

2) не спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема во согласност со соодветниот технички пропис за вршење на технички преглед и периодично испитување ( член 28);

3) по спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, корисникот до Инспекторатот не поднесе барање за ставање во употреба на техничката опрема веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот преглед на опремата ( член 30);

4) не ги реализира актвностите според распоредот за вршење на техничкиот преглед и периодичните испитувања утврден во соодветниот технички пропис ( член 31);

5) не изготви извештај во кој ќе биде содржана оцена на резултатите од спроведените прегледи и испитувања и истиот не го достави до корисникот најдоцна во рок од седум дена по завршување на активностите ( член 32 став 1);

6) во рок од седум дена од денот на добивањето на извештајот за извршениот техничкиот преглед и периодичното испитување, а доставен од независното правно лице, ако е потребно во зависност од техничката опрема, не го достави до Инспекторатот ( член 33);

7) во случај на разлики во однос на распоредот за вршење на технички прегледи и периодични испитувања меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи и периодичните испитувања, не го извести Инспекторатот ( член 34);

8) извештајот од техничкиот преглед и периодичното испитување е негативен, а не ја исклучи од работа техничката опрема и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за тоа не го извести Инспекторатот ( член 35 став 1)

9) за продолжување на употреба на техничката опрема не ги отстрани причините за негативниот извештај, не направи вонреден технички преглед и периодични испитувања и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за резултатите не го извести Инспекторатот ( член 35 став 2)

10) не ја спроведе целата постапка за техничка инспекција при ставање во употреба ( член 36 став 2) и

11) не постапи по решението на државните инспектори.

Глоба во износ од 1.300 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од став 1 на овој член.

Глоба во износ од 1.300 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од став 1 на овој член.

За дејствијата од став 1 на овој член покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана на вршење на дејност, во траење од шест месеци до пет години, а на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на работи сврзани со располагање, користење, управување и ракување со техничката работна опрема во траење од една до пет години.

Државните нспектори за прекршоците од ставот 1 точки 1,3,5,6 и 7 на овој член можат да му изречат мандантна казна на самото место на правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност, на одоговорното лице во правното лице во износ од 200 евра во денарска противвредност, а на физичкото лице во износ од 200 евра во денарска противвредност.

За прекршоците од ставот 1 на овој член е надлежен судот.